Од
Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска
Адвокатско друштво
Ул.Мирче Ацев бр.2, 3ти кат
1000 Скопје

До сите заинтересирани

Почитувани,

Адвокатското друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска (ДДК) во последните неколку години има воспоставено соработка со Булфрогс балетското училиште од Скопје на полето на имплементирање на постоечките нормативи и стандарди согласно позитивната регулатива во Република Македонија кои се однесуваат на балетското стручно образование и култура, како и континуирано унапредување на истите преку компаративна анализа со регионалните и меѓународните нормативи и стандарди од областа на стручното балетско образование и култура.

Во текот на оваа соработка самото училиште, одговорните и кадарот на училиштето покажаа високо ниво на професионализам, фокусираност и истрајност во квалитативното исполнување на нормативите и стандардите и тоа преку креативен пристап и развиен стил кој е карактеристичен за нив. Тука вреди да се напомене дека во текот на целиот овој процес балетското училиште Булфрогс постојано се раководеше од највисоките професионални балетски стандарди применувајќи ги секогаш со големо чувство најсоодветните национални, регионални и меѓународни практики кои со голема стручност и искуство ги преточуваа во конкретни планови и програми за работа кои најмногу одговараат на потребите на учениците и проектите кои ги водеа.

Оваа позитивна култура на балетското училиште Булфрогс не е насочена само кон сопствената институција туку и према општествената заедница, а тоа го прави балетското училиште Булфрогс квалификуван партнер за соработка од областа на балетското стручно образование и култура.

Со почит,

Адвокатско Друштво ДДК
Драган Дамески, Партнер